РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-504/3

10-06-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница одржана на ден 07.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 4313 од 2020 година отворен по сопствена иницијатива на ДКСК, оформен со службена белешка за отворање на предмет со број 12 - 4313/1 од 17.12.2020 година, во врска со добиени сознанија за наводи за сомневање за неправилности и незаконитости во постапка за јавна набавка за сеча и дотур на дрва спроведена од ЈП„------------ --------"Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-4313 од 2020 година, не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12 - 4313 од 2020 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 4313 од 2020 година е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, со службена белешка за отворање на предмет број 12 - 4313/1 од 17.12.2020 година, а по заклучок донесен на колегиум одржан на ден 14.12.2020 година а во врска со добиени сознанија за наводи за сомневање за неправилности и незаконитости во постапка за јавна набавка за сеча и дотур на дрва спроведена од ЈП „„------------ --------"Скопје и која од непознати причини, од страна на директорот на ова ЈП била поништена со што била направена штета на јавното претпријатие.

Во постапувањето по оформениот предмет, од страна на членот на ДКСК, преземани се сите дејствија кои му стојат на располагање за утврдување на фактичката со состојба и носење на соодветна одлука односно, извршени се проверки по однос на предметните наводи на интернет и во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) на Бирото за јавни набавки, од каде се преземени документи за предметната јавна набавка, (објави во медиуми, оглас, тендерската документација и техничка спецификација, известување за поништување на делови од постапката и склучените договори за јавна набавка) воедно, од јавното претпријатие побарано е до ДКСК да се доставаат податоци и информации во врска со истата јавна набавка.

При разгледувањето на конкретниот случај, ДКСК ги зема во предвид предметните наводи и по извршен увид во преземаната документација и прибавените податоци и информации, го констатира следното:

- На ден 30.09.2020 година, од страна на ЈП „„------------ --------"п .о. Скопје, во системот на ЕСЈН бил објавен јавен оглас со број --------- со предмет на договорот за јавна набавка: ШУМАРСКИ УСЛУГИ за фази:

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Сеча со дотур на дрвни сортименти, согласно спецификација од Тендерската документација. Предметната набавка била делива набавка, предвидена да се спроведе во отворена постапка и истата била составена од 28 делови, по однос на подрачните шумски стопанства (ПШС). Договорот за предметната јавна набавка се однесувал за период од 12 месеци, постапката за доделување на договорот била предвидена со скратени рокови а критериум за доделување на договорот бил Најниска цена.

На ден 23.11.2020 година во системот на ЕСЈН објавено е Известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка, кое се однесува на огласот за предметната јавна набавка, а бројот на делот/деловите коишто се поништуваат се наведени како во оригиналниот оглас: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26. Во објавеното известување, како информации за причината за поништување на постапката е наведено дека „не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда".

За останатите делови од предметната јавна набавка биле склучени договори за јавна набавка и тоа: договор број ---------- од 25.11.2020 година, за дел 17,18 и 19 од јавната набавка, кој бил склучен со Друштво за услуги сообраќај и трговија ------ ----------- ------------- увоз извоз с. ----------, како единствен понудувач, со вредност на договорот со ДДВ во износ од 1.511.698,00 денари; договор -------- од 30.11.2020 година, за дел 27 од јавната набавка, со Друштво за транспорт, производство, трговија и услуги ------------------------, како единствен понудувач, со вредност на договорот со ДДВ во износ од 381.140,00денари; договор број ------------ од 30.11.2020 година, за дел 28 од јавната набавка, со Друштво за транспорт, производство,трговија и услуги -------------------------, како единствен понудувач, со вредност на договорот со ДДВ во износ од 2.122.230,00 денари и договор број ----------- од 01.12.2020 година, за дел 7 од јавната набавка, со Друштво за производство, трговија и услуги --------------------------------, како единствен понудувач, со вредност на договорот со ДДВ во износ од 253.794,40денари.

- На ден 12.12.2020 година во медиумите од Публикум.мк е објавен текст под наслов „НЕЛЕГАЛНАТА СЕЧА ГИ ПУСТОШИ ШУМИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА". Овој текст бил објавен во врска со Истражување на Форум – Центар за стратешки истражувања и документација, спроведено во периодот ноември 2019-2020 во рамки на проектот„Запознавање со механизмите и алатките за спречување криминал и корупција при експлоатација на шуми", како дел од проектот „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и приватниот бизнис – сектор", поддржан од Европската Унија, а кое било спроведено заедно со Центарот за граѓански комуникации од Скопје и граѓанските организации „Конект" и Здружение на даночни советници во Република Северна Македонија. *( линк: https://www.publikum.mk/nelegalnata-secha-gi-pustoshi-shumite-vo-severna-makedonija/)*

Во објавениот текст изнесени се податоци и информации во врска со бесправна сеча на шуми во државата кои биле утврдени од страна на државната ревизија во ревизорски извештај број ---------- од 16.05.2018 година во кој било констатирано дека со години податоците за количината на легално исечената дрвна маса и годишната потрошувачка на дрво не се поклопуваат, а ревизијата извршила споредба на податоците за бесправна сеча на шуми во државата добиено од страна на ЈП --------------- ---------, Државен инспекторат за шумарство и ловство и Државен завод за статистика за 2014 година и утврдил дека во ЈП „------------- -------------" евидентирана била бесправна сеча од 28.472 кубни метри дрвна маса, во Државен инспекторат за шумарство и ловство евидентирана била бесправна сеча од 44.031 кубни метри, а во Државен завод за статистика 25.230 кубни метри. Исто така, во објавениот текст се изнесени наводи и за сомнежи за злоупотреби и корупција на јавните набавки на наведеното претпријатие, како и тоа дека според планот за

јавни набавки за 2020 година, вкупната вредност на јавните набавки изнесувале повеќе од 858 милиони денари.......

-На ден 12.02.2021 годи, по барање на ДКСК, добиен е одговор од ЈП „„------------- --------" со кој се известува за предметната постапка за јавна набавка за Шумарски услуги која била спроведена за фази: Сеча со дотур на дрвни сортименти со број на оглас -----------, а која била составена од 28 делови, одделно по Подружници и шумско стопански единици согласно техничката спецификација.

Предметната постапка била отворена на 20.10.2020 година со вкупно примени три понуди, а по извршената евалуација на понудите, одговорното лице на ЈП донел Одлука за избор - за деловите - Дел 7, 17, 18, 19, 27 и 28, како и Одлука за поништување на делови од предметната постапка - за деловите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26, кои биле поништени согласно член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки поради тоа што не била поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда", односно, поништувањето било извршено бидејќи до договорниот орган не била поднесена ниту една понуда за наведените делови од предметната јавна набавка, а од страна на ЈП "„------------- --------" било објавено Известување на Електронскиот систем за јавни набавки во законски предвидениот рок. Во прилог се доставени Одлука за избор, Одлука за поништување на делови за предметната постапка и Известувањето за поништување на постапката објавено на Електронскиот систем за јавни набавки.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во предметниот случај постапката по јавната набавка, била спроведена од страна на договорниот орган со почитување на одредбите од Законот за јавните набавки, истата била спроведена за фази: Сеча со дотур на дрвни сортименти со број на објавен оглас ---------- и која била составена од 28 делови, одделно по Подружници и шумско стопански единици согласно техничката спецификација, а во која биле донесени Одлука за избор за делови од јавната набавка и Одлука за поништување на делови за предметната постапка а Известување за поништување на постапката во законски предвидениот рок било објавено на Електронскиот систем за јавни набавки. Оттука, *не се потврдуваат* предметните наводи за сомневање за неправилности и незаконитости во постапка за јавна набавка за сеча и дотур на дрва спроведена од предметното јавно претпријатие по однос на поништување на набавката сторено од страна на директорот од непознати причини и со што била направена штета на јавното претпријатие. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, постапката по оформениот предмет се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива

По заклуччок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : С.П.Д ,член на ДКСК